ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ
ЗА ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ НА МАКЕДОНИЈА

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА КЕРАМИКА

# КЕРАМИКА — 3
# ДЛУПУМ — '80

**ИЗЛОЖБА на секцијата за керамика при Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија**

**ЛИКОВЕН САЛОН — ТРГОВСКИ ЦЕНТАР 12. XI.—22. XI. 1980 ГОД.**

Со најнови дела на членовите на керамичката секција при ДЛУПУМ се среќаваме и годинава на нивниот трет заеднички настап. Уште се потврдува мислата дека македонските керамичари имаат најдобро организирана изложбена дејност меѓу уметниците од применетата уметност. Тоа секако е резултат пред сѐ на индивидуалниот творечки ангажман на самите автори. Но за подемот на современата македонска керамика постојат уште неколку мошне битни предуслови.

Одбележуваме речиси двеипол децении откако во Училиштето за применета уметност во Скопје во 1956 година се формира Отсекот за уметничка керамика. Оттогаш почнува и сѐ позасилниот интерес за керамиката, која долго време, и не само во Македонија, се сметала како второстепена категорија во уметноста. Неколкумина свршени ученици на тогашната Средно-художествената школа во Скопје го продолжија своето образование на академиите за применета уметност, главно во Загреб и Белград, определувајќи се за изучувањето и навлегувањето во професионалните тајни на керамичкото творештво. Веќе наредните години во Македонија дејствуваат и првите високообразовани кадри, кои исклучително ѝ се посветуваат на керамиката. Меѓу нив, Раде Перчуклиевски и Михаил Лазаров имаат пионерска улога, негувајќи ја оваа гранка на применета уметност со љубов, ентузијазам и професионална одговорност. Тие се јавуваат и како долгогодишни ликовни педагози, воспитувачи на неколку генерации македонски уметници — керамичари. Заедно со нив, се формира, и денес мошне успешно дејствува поголемо јадро од дванаесетмина членови на керамичката секција, кои дојдоа од академиите во Загреб, Белград и Будимпешта, од Педагошката академија и Училиштето за применета уметност во Скопје (Андонова, Аврамчев, Мишевски, Иљовска — Туша, Јанева, Јандреска, Јаневски, Терзиќ, Булоска, Мартаќ). Носејќи ги поуките од овие академии и школи, македонските керамичари го започнуваат своето дејствување на тло со мошне богата, повеќевековна традиција за обликување на благородниот материјал — глината, во богати и разновидни форми. Во овој период спаѓаат и првите афирмативни настапи на македонските керамичари во земјата: на Мајскиот салон во Белград од 1974 година; на II, III и IV

југословенско триенале на керамиката во Суботица и Белград (1974, 1977, 1980); на I триенале за уникатно обликување во Сараево (1978), како и на повеќе изложби на современата југословенска керамика во странство. Освен тоа, тие се секогаш присутни на редовните изложби на ДЛУПУМ а од 1977 година ги воведуваат и своите редовни годишни настапи како керамичка секција, со интенција да станат традиционални. Самостојно излагале Перчуклиевски (1960, 1976) и Аврамчев (1975, 1980). Се јавуват и како учесници на колонијата Светот на керамиката во Аранѓеловац: Аврамчев (1978), Андонова (1979) и Лазаров (1980), а речиси сите учествувале во работата на Ресенската керамичка колонија.

Основана во 1971 година, со своето континуирано повеќегодишно дејствување Ресенската керамичка колонија особено придонесе за развитокот на керамиката во нашата Република, за создавање на реален творечки потенцијал, со кој ги преминува локалните рамки и се вклопува во пошироките токови на современата југословенска керамичка мисла. Собирајќи се секое лето на брегот на Преспанското езеро, во постојаните меѓусебни контакти и творечки дијалог со материјалот што ова поднебје го нуди, тие настојуваат да ги негуваат богатите традиции на народната керамика. Но традицијата во нивните творби не се појавува како анахронизам туку се чуствува повеќе како празник на минатото, изразен со современ пристап кон материјалот и со современ ликовен сензибилитет.

Во последниве неколку години македонските керамичари творечки се ангажираат и со поамбициозни зафати, реализирајќи ги своите идеи и размисли во доменот на монументалната керамика во вид на релјефи и керамички панои. Со ова се прават и првите обиди во синтезата на уменостите и керамиката да си го најде своето место, како дел на ентериерот во новите архитектонски објекти, да му припаѓа на човекот и да го облагородува и хуманизира неговиот животен и работен простор (Перчуклиевски, Лазаров, Мишевски во Скопје, Прилеп и Струга).

Керамиката како ликовна дисциплина бара од авторот, покрај познавањето на нејзината специфична и компликувана технологија на изведба и комплексно познавање и почитување на законите на чистата склуптура, како и поседување на чувство за пиктурални решенија. Само со познавањето на овие две компоненти се постигнуваат креативни вредности во керамиката. Во повеќе техники: традиционална глазирана керамика, теракота, мајолика, каменина, на изложбата се среќаваме со еден

поширок распон на формални и содржински решенија во обликувањето на глината. Со индивидуален пристап, кај некои творци се забележуваат послободно конципирани органски форми, преземени од природата и трансформирани со доградување, редуцирање и варирање на мотивот. Тие се доближуваат до некои стилски насоки релевантни за уметноста на нашево време: од асоцијативни до апстрактни решенија со стилски одлики на енформелот, поп-артот, неонадрелизмот или експресијата на формата. Кај други повеќе се чувствува минатото, транспонирано со елементи на декоративност, што будат сеќавања за народната уметност и по формалните и по пиктруалните решенија во вид на стилизиран антропорфизам, инспирација од вегетативни форми и сл. Најчесто тоа се керамопластики, со полн волумен и склупторски решени, како и творби кои имаат функционално-естетски карактер (декоративни чинии и керамички панои). За жал, македонските керамичари сѐ помалку се определуваат за креирање на чисто функционална керамика, која би ја нашла својата практична примена со нејзиното индустриско мултиплицирање. Барем на оваа изложба не можеме да ги видиме таквите настојувања. Сите овие евидентни резултати на македонските керамичари нѐ наведуваат на констатацијата, дека современата македонска керамика се развива континуирано и нагорно, дека го зазема своето рамноправно место во македонската ликовна уметност, а веќе на југословенски план станува составен дел на севкупната југословенска керамика.

Љ. Дамјановска

— ИЗЛАГАЧИ:
— РЕПРОДУКЦИИ:

## АВРАМЧЕВ ВЛАДИМИР

Скопје ул. „Руди Чајавец" бр. 4/I

Роден 1939 година во Стојаково—Гевгелија.

Завршил I степен на Академијата за применета уметност во Ниш.

Член е на ДЛУПУМ од 1969 година и учествувал на сите негови изложби.

I Самостојни изложби:

— 1975 година во Скопје
— 1980 година во Скопје

II Групни изложби:

— 1974 година II триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград,
— 1977 година III Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,
— 1977 година Мајски салон на УЛУПУС во Белград,
— 1978 година Мајски салон на УЛУПУС во Белград,
— 1978 година Современа македонска керамика во Скопје,
— 1978 година I Триенале на Уникатно обликување во Сараево,
— 1979 година Мајски салон на УЛУПУС во Белград,
— 1979 година Керамика '79 во Куманово,
— 1979 година Современа македонска керамика во Скопје,
— 1979 година Македонски уметници на I Триенале на Уникатно обликување—Сараево во Скопје,
— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград, УНЕСКО — Сава центар.
— 1978 година „Свет на керамиката" во Аранѓеловац.

III Симпозиуми—колонии;

— Повеќе пати е учесник на Ресенската керамичка колонија и излагал на нејзините изложби од 1973 до 1978 година,
— 1978 година симпозиум — Меѓународенн фестивал „Свет керамике" во Аранѓеловац..

IV Награди:

— 1977 година Откупна награда на III Триенале на Југословенската керамика Белград и Суботица,

— 1978 година Годишна награда на ДЛУПУМ, повеќе први награди во графичкиот дизајн.

Негови експонати се наоѓаат во колекцијата на Републичката СИЗ за култура-Музеј на современа уметност во Скопје, Ликовни сусрет во Суботица и приватни збирки.



## АНДОНОВА МАКЕДОНКА

Скопје ул. ,,Д. Чуповски бр. 17/II-3
населба Драчево

Родена 1944 година во Скопје.

Завршила Училиште за применета уметност во Скопје,

Академија за применета уметност во Белград. Член е на ДЛУПУМ од 1970 година и излагала на сите негови изложби.

I Групни изложби:

— 1968—1970 година Универзитетски изложби во Белград,
— 1971 година Стакло 72 во Скопје,
— 1972 година Современа македонска уметност-млада генерација II во Битола,
— 1972 година III салон на Југословенско стакло во Белград,
— 1973 година IV салон на Југословенско стакло во Белград,
— 1973 година Југословенски дизајн на стакло во Сараево,
— 1975 година Жени уметници во Скопје,
— 1977 година III Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,
— 1978 година Современа македонска керамика во Скопје,
— 1979 година Жени уметници во Скопје,
— 1979 година Уметничко обликувано стакло во Параќин и Белград,
— 1979 година ,,Свет на Керамиката'' во Аранѓеловац,
— 1979 година Современа македонска керамика во Скопје,
— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград, УНЕСКО — Сава Центар
— 1980 година Струмичка ликовна колонија во Струмица.

II Изложби во странство:

— 1974 година IV биенале на Интернационална керамика во Валори-Франција,

III Меѓународни симпозиуми-колонии:

— 1979 година Симпозиум за обликување на стакло во Параќин,
— 1979 година Симпозиум — Меѓународен фестивал ,,Свет на керамиката'' во Аранѓеловац,
— 1980 година Струмичка ликовна колонија во Струмица.

Учесник е на Ресенската керамичка колонија во 1975 и 1978 година и излагала на нејзините изложби.

IV Награда и признанија:

II награда за скулптура ,,Трансфузија 69'' — Белград, I награда за керамика ,,4 април'' Белград — 1970 година, Диплома за добар дизајн, IV салон на Југословенско стакло — Белград 1973 година. Пофалба за добар дизајн за стакло на Есенскиот загребачки велесаем 1973 и 1974 година.

Нејзини експонати се наоѓаат во колекцијата на Републичката СИЗ за култура-Музеј на современа уметност во Скопје.

6. СОБИРАЊЕ НА ФОРМАТА I

7. СОБИРАЊЕ НА ФОРМАТА II



**БУЛОВСКА ДОРОТЕА**

Охрид — населба Лагадин бр. 69

Родена 1937 година во Брацкенхајм—СР Германија. Завршила Средна керамичка школа во Ландсхут—СР Германија. Член е на ДЛУ ПУМ од 1977 година и излагала на сите негови изложби.

I групни изложби:

— до 1975 година колективно во градовите Хиелброн, Баден-Баден, Френбург и Штудгард во СР Германија,

— 1979 година Сорвемена Македонска керамика во Скопје,

— 1980 година Жени уметници во Скопје,

— 1980 година Меѓународна изложба на жени уметници — керамичари во Пиран,

— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград УНЕСКО — Сава центар.



## ИЛЈОВСКА — ТУША МАРИЈА

Скопје ул. „Аугуст Цесарец" бр. 12/I-10
Тел. 201-990

Родена 1947 година во Полгарди-НР Унгарија.

Завршила Академија за применета уметност во Будимпешта-НР Унгарија.

Член е на ДЛУПУМ од 1974 година и излагала на сите негови изложби.

I Групни изложби:

— до 1972 година колективно излагала во Будимпешта-НР Унгарија,

— 1977 година III Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,

— 1978 година Ликовни уметници вработени во музеите на Македонија во Скопје,

— 1979 година Современа Македонска керамика во Скопје,

II Колонии:

Учесник е на Ресенската керамичка колонија во 1975 и 1980 година и излагала на нејзините изложби.

Нејзини експонати се наоѓаат во колекцијата на Републичката СИЗ за култура-Музеј на современа уметност во Скопје.



## ЈАНДРЕВСКА ВИША

Скопје ул. „Наум Охридски" бр. 24

Родена 1954 година во Скопје.

Завршила Училиште за применета уметност во Скопје.

Член е на ДЛУПУМ од 1977 година.

I Групни изложби:

— 1979 година Современа Македонска керамика во Скопје,

— 1980 година Жени уметници во Скопје,

— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград УНЕСКО — Сава Центар.

— 1980 година Млади уметници-Дом на младите 25 Мај во Скопје,

— 1980 година Млади ликовни творци во Струмица.

II Колонии:

Учесник е на Ресенската керамичка колонија во 1979 година и излагала на нејзините изложби.

12. ПАНО — РИБА
13. ДЕКОРАТИВНА ЧИНИЈА I
14. ДЕКОРАТИВНА ЧИНИЈА II



## ЈАНЕВА ДРАГИЦА

Скопје ул. „Пандил Шишков" бр. 29/6
Тел. 215-357

Родена 1938 година во Куманово.

Завршила Училиште за применета уметност отсек керамика во Скопје.

Член е на ДЛУПУМ од 1961 година и излагала на сите негови изложби.

I Групни изложби:

— 1976 година Жени уметници во Скопје и Битола,

— 1977 година III Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,

— 1977 година Мајски салон на УЛУПУС во Белград,

— 1977 година Современа Македонска керамика во Темерии,

— 1978 година Мајски салон на УЛУПУС во Белград,

— 1978 година Современа Македонска керамика во Скопје,

— 1979 година Современа Македонска керамика во Скопје,

— 1980 година Меѓународна изложба на жени уметници-керамичари во Пиран,

— 1980 година Жени уметници во Скопје.

— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград УНЕСКО — Сава центар.

II Колонии:

Учесник е на Ресенската керамичка колонија и на нејзините изложби.

Нејзини експонати се наоѓаат во колекцијата на Републичката СИЗ за култура-Музеј на современа уметност во Скопје.

15. ДЕКОРАТИВНА ЧИНИЈА
16. ДЕКОРАТИВНА ЧИНИЈА
17. КЕРАМОПЛАСТИКА
18. ФОРМА I



## ЛАЗАРОВ МИХАИЛ

Скопје ул. „Полог" бр. 31 населба „Пржино"
Тел. 222-491

Роден 1932 година во Скопје.

Дипломирал на Академијата за применета уметност отсек керамика во Белград.

Член е на ДЛУПУМ од 1957 година и излагал на сите негови изложби.

I Групни изложби:

— 1957 година ДЛУПУМ — во Скопје како гостин,
— 1963 година I Републичка изложба на сувенири во Скопје,
— 1971 година Македонски драгуљи во Нови Сад,
— 1974 година Македонска применета уметност во Приштина,
— 1974 година II Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,
— 1976 година Југословенска применета уметност во Скопје,
— 1977 година III Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,
— 1978 година I Триенале на Уникатно обликување во Сараево,
— 1978 година Македонски уметници на I Триенале на Уникатно обликување — Сараево во Скопје,
— 1978 година Современа македонска керамика во Скопје,
— 1979 година Керамика '79 во Куманово,
— 1979 година Мајски салон УЛУПУС во Белград,
— 1980 година Меѓународен фестивал ,,Свет керамике" во Аранѓеловац,
— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград, УНЕСКО — Сава центар.

II Изложби во странство:

— 1962 година Интернационална изложба на уметничка керамика во Прага-ЧССР,
— 1965 година Современа македонска уметност во Дижон-Франција,
— 1967 година Интернационална изложба на уметничка керамика во Истанбул-Турција,

III Симпозиуми — колонии:

Повеќе пати е учесник во Ресенската керамичка колонија и излагал на нејзините изложби, од 1973 — 1979 година.

— 1980 година Симпозиум-Меѓународен фестивал ,,Свет керамике" во Аранѓеловац,

IV Награди и дипломи:

— 1962 година Диплома од Интернационалната изложба на уметничка керамика во Прага-ЧСР,
— 1963 година I награда за сувенир во керамика
— 1976 година Годишна награда на ДЛУПУМ,
— 1980 година II награда на IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград.

Негови експонати се наоѓаат во колекцијата на Републичката СИЗ за култура-Музеј на современа уметност Скопје и кај приватни лица-збирки.

Експонат од поголем формат е керамичкиот релјеф вграден во објектот Стопанска банка-Скопје.

19. КЕРАМОПЛАСТИКА I — КАМЕНИНА
20. КЕРАМОПЛАСТИКА II — КАМЕНИНА ДЕЛ ОД МОРСКО ДНО
21. КЕРАМОПЛАСТИКА III — КАМЕНИНА
22 .КЕРАМОПЛАСТИКА IV — КАМЕНИНА
23. КЕРАМОПЛАСТИКА V — КАМЕНИНА



## МИШЕВСКИ ДУШКО

Скопје ул. „Миладин Мијалковиќ" бр. 52
населба „Пржино"

Роден 1948 година во Куманово.

Завршил Училиште за применета уметност отсек керамика и Педагошка академија во Скопје.

Член е на ДЛУПУМ од 1973 година и излагал на сите негови изложби.

I Групни изложби:

— 1977 година III Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,

— 1977 година Соврмена Македонска керамика во Темерин,

— 1978 година I Триенале на Уникатното обликување во Сараево,

— 1978 година Современа Македонска керамика во Скопје,

— 1979 година Керамика '79 во Куманово,

— 1979 година Македонска современа керамика во Скопје,

— 1980 година XII Мајски салон на УЛУПУС во Белград,

— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград, УНЕСКО — — Сава центар.

II Колонии:
Повеќе години е учесник на Ресенската керамичка колонија и излагал на нејзините изложби.

Негови експонати се навоѓаат колекцијата на Републичката СИЗ за култура-Музеј на современа уметност во Скопје и приватни збирки. Делот од пооглем формат е рељефот во Стопанска банка-Скопје.

Награди: Годишна награда на ДЛУПУМ за 1979 година-Бигорски следбеници.



## ПЕРЧУКЛИЕВСКИ РАДЕ

Скопје бул. „Партизански одреди" бр. 119/II-13
Тел. 203-697

Роден 1931 година во Галичник-Гостивар.

Дипломирал на Академијата за применета уметност отсек керамика во Загреб и бил на специјализација за керамика и порцелан во НР Бугарија.

Член е на ДЛУПУМ од 1958 година и учествувал на сите негови изложби.

I Самостојни изложби:
— 1960 година во Скопје
— 1976 година во Скопје

II Групни изложби:
— 1963 година I Републичка изложба на сувенири,
— 1974 година II Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,
— 1974 година Македонска применета уметност во Приштина,
— 1977 година III Триенале на Југословенска керамика во Белград и Суботица,
— 1977 година Современа македонска керамика во Темерин,
— 1977 година Мајски салон УЛУПУС во Белград,
— 1978 година Современа македонска керамика во Скопје,
— 1978 година I Триенале на Уникатно обликување во Сараево,
— 1978 година Македонски уметници на I Триенале на уникатно обликување-Сараево во Скопје,
— 1979 година Керамика '79 во Куманово,
— 1979 година Современа македонска керамика во Скопје,
— 1980 година IV Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград, УНЕСКО — Сава центар.

III Изложби во странство:
— 1958 година Интернационална изложба на уметничка керамика во Остенде,
— 1959 година Меѓународна изложба на уметничка керамика во Гмунден-Австрија,
— 1960 година Меѓународна изложба на млади уметници во Беч-Австрија,
— 1959—60 година Југословенска применета уметност во Варшава, Минск, Тбилиси, Лвов, Софија и Будимпешта,
— 1962 година Интернационална изложба на уметничка керамика во Прага-ЧСР,
— 1965 година Современа македонска уметност во Дижон-Франција,
— 1967 година Југословенска керамика и таписерија во Осло и Хелсинки,

IV Колонии:
Учесник е на Ресенската керамичка колонија во 1974 и 1975 година и на нејзините изложби.

V Награди и дипломи:
— 1960 година годишна награда на ДЛУПУМ,
— 1962 година Сребрена медаља и диплома од Интернационалната изложба на уметничка керамика во Прага-ЧСР,
— 1963 година I награда за сувенир во керамика Скопје.

Негови експонати се наведаат во колекцијата на Републичката СИЗ за култура-Музеј на современа уметност Скопје, Загреб, Женева, Братислава и Ленинград а кај приватни лица-збирки во Скопје, Белград и Приштина а во странство во Конго-Бразавил, Англија, Канада и Брегот на слоновача. Експонати од поголем формат-керамички рељефи вградени во објекти: Прилеп-Дом за старци, Скопје-Стопанска банка и Струга-хотел Енергомонт.





**ИЗДАВАЧ: ДЛУПУМ**

**УРЕДНИК НА КАТАЛОГОТ:**
ПЕРЧУКЛИЕВСКИ РАДЕ

**ПОСТАВКА НА ИЗЛОЖБАТА:**
ПЕРЧУКЛИЕВСКИ РАДЕ
МИШЕВСКИ ДУШКО

**ПЕЧАТ: ПРВИ МАЈ — СКОПЈЕ**

ТИРАЖ 300 ПРИМЕРОЦИ